**Меѓународна порака за денот на танцот – 2018 година  Европа**

**ОХАД НАХАРИН, ИЗРАЕЛ**

**Кореограф, Уметнички директор на Бетшива денс компани, креатор на јазикот на движење ГАГА.**

Танцот е битствување во моментот. Тој е како слушање на опсегот на осети и допуштање на тоа слушање да постане гориво на сите чувства, форми и содржини. Ние сепак, секогаш треба да се потсетуваме од каде сме дошле.

Кога бев прашан во што се состои мојата работа, прво што одоговорив е тоа дека тоа е заради неа самата. За тоа колку сите нејзини елементи успеваат да го искреираат нејзиниот наратив. Танцувачкиот наратив на обемот, деликатноста, употребата на експлозивната моќ. Истражувањето на движењето, организацијата и структурата. Смеење на себеси, динамика, преувеличување и потценување, врската меѓу задоволството и напорот и сублимација на лудилото, страста и фантазијата на секој танчер во јасна форма.

И што е најубаво, танцот може да биде возвишен иако е далеку од совршен. Ние мораме да се спротивставиме на конзервативното и конвенционално мислење дека неговите корени се повеќе во танцовото образование и тренинг и да ги оставиме настрана старите идеи заради нови, подобри идеи. И секогаш мораме да се потсетиме на тоа секој ден по малку да потанцуваме.

И секогаш мораме да се потсетиме на тоа секој ден да потанцуваме по малку ... но никогаш пред огледало.

**Охар Нахарин** е кореограф, уметнички директор на Батшива Танцувачка Компанија и креатор на јазикот на движење ГАГА.

Роден во 1952 година во Мизра, Израел, тој се придружува на Бетшива Денс Компани и покрај малиот тренинг што го имал. За време на неговата прва година, кореографката Марта Греам го покани да се придружи на нејзината компанија во Њујорк каде што Нахарин подоцна го направи своето прво кореографско деби во студиото на Казуко Хирабајаши во 1980 година. Во следната декада, тој ги презентира своите дела во Њујорк

и пошироко вклучувајќи делови од Бетшива Танцувачката Компанија, Современата Кибуц Танцувачка Компанија и Холандскиот танцувачки театар. Нахарин тесно соработувал со својата прва жена, Мери Каџивара се додека таа не почина од рак во 2011 година.

Во 1990 година Нахарин беше избран за уметнички директор на Бетшива Танцувачката Компанија и во истата година, тој ја воспостави младинската секција на таа компанија Бетшива – Млад Ансамбл. Оттогаш тој создал триесет дела за двете компании и поставил парчиња за многу други. Тој исто така соработувал со музичари вклучително „Тракторовата Одмазда", Ави Балели и Ден Марков, Иври Лидер и Гриша Лихтенбергер. Под псевдоминот Максим Варат, тој компонирал, монтирал и мискирал многу од своите музички дела. Делото на Нахарин го има и во неколку филмови вклучително филмот на Томер Хаејман „Надвор од фокусот" (2007) и на браќата Хејман „Господин Гага" (2016).

Заедно со своите сценски дела, Нахарин исто така го развивал ГАГА, иновативно истражување на движењето и дневните тренинзи на Бетшива танчерите, движење кое го развил во интернационални рамки и кај танчерите и кај оние кои не се танчери.

Државјанин и на Америка и на Израел, Нахарин моментално живее со својата жена, танчерка и костимографка Ери Накамура и со нивната ќерка Нога.

**Превод:** Сашо Огненовски